НАЦРТ

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ

Член 1

Во член 8 во ставот (1) зборовите „избрано и именувано лице," се бришат.

Ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Под поимот „семејство", во смисла на овој закон, се подразбира заедница чии членови се брачниот другар, вонбрачниот другар, децата и родителите. Членови на семејство се и други лица со кои лицето од ставот (2) на овој член живее во заедничко домаќинство."

Ставот (4) се менува и гласи:

„(4) Под поимот „блиски лица", во смисла на овој закон, се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, родители, деца, баба, дедо и внуци и брат, сестра, браќа и сестри на родителите, внуци од брат или сестра, први братучеди, родители на сопруг/сопруга и снаа/зет, дедо и баба на брачниот другар, браќа и сестри на брачниот другар, хранител, посвоител и посвоеник, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има приватен интерес."

Ставот (5) се менува и гласи:

„(5) Под поимот „корист" се подразбира секој вид материјална или нематеријална придобивка, погодност или друга предност."

По ставот (11) се додаваат шест нови ставови (12), (13), (14), (15), (16) и (17) кои гласат:

„(12) Под поимот „избрано или именувано лице", во смисла на овој закон, се подразбира:

- лице кое добило мандат да извршува функција на непосредни претседателски, парламентарни или локални избори;
- лице кое добило мандат да извршува функции во извршната власт, во судската власт, во јавното обвинителство;
- лице кое добило мандат преку избор или именување од Собранието на Република Северна Македонија или од органите на локалната власт;
- ректор или декан во јавните универзитети;
- друго лице кое согласно со закон е избрано, именувано или назначено на функција од носителите на законодавната, извршната или судската власт или од органи избрани и именувани од нив.

(13) Под поимот „приватен интерес", во смисла на овој закон, се подразбира интерес што носи лична корист или остварување корист за блиско лице и вклучува остварување добивка или избегнување загуба или предизвикување штета на друг или какви било материјални или нематеријални придобивки за остварување лични цели или цели на блиско лице, група или заедница, што се разликува од јавниот интерес.

(14) Под поимот „заедничко домаќинство“, во смисла на овој закон, се подразбира семејна или друга заедница на лица што живеат заедно.

(15) Под поимот „јавен орган“ се подразбира министерство, друг орган на државната управа, организација утврдена со закон, друг државен орган, правно или физичко лица на кое со закон му е доверено да врши јавни овластувања, орган на општина и орган на градот Скопје и општините во градот Скопје.

(16) Под поимот „редовен приход“, во смисла на овој закон, се подразбира приход кој се прима од извори кои редовно, во економска смисла, се обновуваат или редовно примање на финансиски средства што се наплатува односно прима континуирано:

- годишно или полугодишно, ако се прима односно наплатува повеќе од два пати последователно или

- седмично или месечно, ако се прима односно наплатува повеќе од три пати во текот на една година.

(17) Под поимот „родова форма на корупција“, во смисла на овој закон, се подразбира злоупотреба на службената положба или јавното овластување односно злоупотреба во вршењето на јавните работи насочена кон предизвикување материјална или нематеријална штета врз жените или која несразмерно ги погодува жените.“

Член 2

Во член 12 во ставот (7) алинејата 2 се менува и гласи:

„- претставникот на здружението односно фондацијата назначен за член во Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор, за областа владеење на правото и борба против корупцијата,“.

Член 3

Во член 18 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Државната комисија ја подготвува националната стратегија врз основа на претходно изготвена анализа на состојбите со корупцијата во државата и проценка на ризиците за појава на корупција во различни сектори, вклучително и за појава на родовите форми на корупција.“

Во ставот (7) по зборовите „за претходната година“ точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „за усвојување.“

Член 4

Во член 22 во ставот (7) зборот „пет“ се заменува со зборот „осум“.

Член 5

Во член 23 ставот (4) се менува и гласи:

„(4) За решавање на предметите оформени со постапувањето од ставот (1) на овој член, Државната комисија донесува одлука кога:

- нема основ за надлежно постапување;
- доставува предмет на надлежно постапување на друг јавен орган;
- покренува иницијатива пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица;
- покренува иницијатива за поведување постапка за кривично гонење;
- утврдува постоење или непостоење неспојливост на функции;
- утврдува постапување спротивно на ограничувањата за вршење на дејност за време на вршење на функцијата;
- одлучува по приговор односно иницијатива за утврдување на фактичката состојба во случај на сомневање за постоење на сомневање за незаконито финансирање на изборна кампања;
- утврдува постоење или непостоење на судир на интереси;
- изрекува мерка јавна опомена во случаи пропишани со овој закон;
- ќе оцени дека се преземени сите дејствија од нејзина надлежност согласно со овој закон.“

По ставот (4) се додаваат три нови ставови (5), (6) и (7) кои гласат:

„(5) Државната комисија донесува решение за:
- прекин на постапката кога времено не се исполнети условите постапката да продолжи согласно закон;
- запишување или објава на податоци и документи во регистар, каталог или листа за евиденција од надлежност на Државната комисија;
- пристап до информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- исправка на податоци или исправка или бришење на лични податоци согласно Законот за заштита на личните податоци;

(6) По исклучок од ставот (1) на овој член, во постапувањето по пријавите со кои се врши заштитено пријавување во Државната комисија согласно закон, се применуваат одредбите од прописите за заштитено пријавување и заштита на укажувачи.

(7) Државната комисија донесува мислење:
- по барање за мислење поднесено од службено лице во случај на постоење на сомневање за судир на интереси;
- по барање за мислење поднесено од јавен орган или по сопствена иницијатива по однос на донесени или предложени прописи и други општи акти, по спроведена анти-корупциска проверка согласно методологијата од своја надлежност.”

Член 6

По членот 23 се додава нов член 23-а кој гласи:

„Член 23 -а

(1) Државната комисија одлуките од своја надлежност ги донесува во рок од 60 дена, а за сложени предмети најдоцна во рок од 90 дена од приемот на пријавата односно преземањето на првото службено дејствие кое Државната комисија го презела кога предметот го оформува по сопствена иницијатива, доколку со овој или друг закон не е поинаку пропишано.

(2) Државната комисија решенијата од своја надлежност ги донесува најдоцна во рок од 15 дена, доколку со овој или друг закон не е поинаку пропишано.

(3) Државната комисија мислењата од своја надлежност ги донесува најдоцна во рок од 20 дена, за сложени предмети најдоцна во рок од 40 дена, а без одлагање кога се бара мислење во случај на постоење сомневање за судир на интереси или најдоцна во рок до 15 дена од приемот на барањето.“

Член 7

Во член 25 став (4), по зборовите „директен електронски пристап“ се додаваат зборовите „или пристап преку Националната платформа за интероперабилност, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги“.

Точката 4 се менува и гласи:

„4. Управа за јавни приходи:

-податоци од евиденцијата за Даночен идентификацион број (ДИБ),

-податоци од Единствениот регистар на даночни обврзници,

-податоци од даночните евиденции за остварениот доход од годишните даночни пријави на физичките лица за данокот на личен доход,

-податоци од евиденцијата на ДДВ даночен број,

-податоци од Регистарот на обврзници на данокот на додадена вредност и од даночните евиденции за ДДВ,

- податоци од Регистар на даночни застапници за цели на ДДВ,

-податоци од даночните евиденции за враќање на повеќе или погрешно наплатен данок и други јавни приходи,

-податоци од спроведени даночни контроли на законитоста на работењето на даночните обврзници во однос на примената на прописи кои се во надлежност на Управата за јавни приходи,

-податоци од Регистарот на одобрени и регистрирани фискални системи и опрема.“

Точката 5 се менува и гласи:

„5. Агенција за вработување:

- податоци од евиденција на корисници на јавни средства од Агенцијата за вработување;

- податоци од евиденција за вработените работници;

- податоци од евиденција на невработени лица и други лица кои бараат работа;

- податоци од евиденција за плати;

- податоци од евиденција за државјаните на Република Северна Македонија на работа во странство;
- податоци од евиденција за странски државјани и лица без државјанство вработени во Република Северна Македонија;
- податоци од евиденција на членовите на семејството на државјани на Република Северна Македонија на работа во странство-корисници на здравствена заштита и
- податоци од евиденција за корисниците на права од инвалидското осигурување.“

Во точката 9, алинејата 1 се менува и гласи:

„ - податоци од портал за обврските на субјектите и/или други податоци определени со Законот за кредитно биро, собрани и обработени од кредитно биро согласно закон.“

Во точката 10 се додава нова алинеја 11 која гласи:

„ - податоци од евиденцијата за ЕМБС.“

Точката 11 се менува и гласи:

„11. Царинска управа:

-податоци од евиденција на царински декларации за физички лица,
-податоци од евиденција на царински декларации за правни лица,
-податоци од евиденција за извршен увоз и за извршен извоз,
-податоци од регистар на обврзници за акциза,
-податоци од евиденција за внесени, изнесени странски пари и хартии од вредност (девизни контролници).“

Во точката 12, зборовите „Министерство за правда“ се заменуваат со зборовите „Министерство за дигитална трансформација“.

Во точката 13, зборовите „Министерство за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „ Министерство за социјална политика, демографија и млади“.

Во точката 17 зборовите „Министерство за економија“ се заменуваат со зборовите „Министерство за економија и труд“.

По точката 17 се додаваат две нови точки 18 и 19 кои гласат:

„18. Министерство за јавна администрација:

- податоци од Регистар за вработените во јавниот сектор.

19. Министерство за дигитална трансформација:

- податоци од Централен регистар на население.“

Член 8

Во член 27 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Раководното лице или друго овластено лице односно одговорно лице во јавна институција или друго правно лице е должно на Државната комисија односно на од неа овластено лице да го овозможат побараниот увид од ставот (1) на овој член во рокот

наведен во барањето на Државната комисија за вршење на увидот и истиот да го организираат во времетраење, услови и на начин на кој не се попречува вршењето на увидот."

Член 9

Во членот 31 во ставот (1) по зборовите „доброто управување" се става запирка и се додаваат зборовите „како и по пријава на друго лице,", а зборовите „донесе решение за отпочнување" се заменуваат со зборот „отпочне".

Во ставот (2) зборовите „и решението" се бришат.

Член 10

Насловот пред членот 44 се менува и гласи „Неспојливост на функции и забрана за вршење на други дејности".

Член 11

Во член 44 ставот (6) се менува и гласи:

„(6) Службено лице може да врши друга дејност, без оглед дали од неа остварува или не остварува доход во земјата или во странство, ако тоа не е спротивно на закон или друг пропис и ако вршењето на дејноста не претставува ризик за објективното и непристрасно вршење на службените должности."

Ставот (7) се менува и гласи:

„(7) На членот на советот на општината или на градот Скопје му мирува функцијата член на советот за времето кога го заменува градоначалникот."

По ставот (7) се додава нов став (8) кој гласи:

„(8) Службено лице кое е избрано, именувано или назначено да врши и друга функција или должност спротивно на одредбите за неспојливост на функциите или ако со тоа е во состојба на судир на интереси, должно е во рок од 15 дена да се откаже од функција за да престане со вршење неспојливи функции."

Член 12

По членот 44 се додава нов член 44-а кој гласи:

„Постапка за утврдување неспојливост на функции

Член 44-а

(1) Државната комисија поведува постапка за утврдување состојба на вршење неспојливи функции, по сопствена иницијатива или по поднесена пријава и донесува одлука со која се утврдува постоење или непостоење неспојливост на функции, во рок од 30 дена од денот на приемот на пријавата односно поведувањето на постапката по сопствена иницијатива.

(2) Доколку утврди постоење на неспојливост на функции, Државната комисија покренува прекршочна постапка против лицето за кое е утврдено дека врши неспојливи функции и од него бара да се откаже од функција заради излегување од

состојбата од ставот (1) на овој член и за тоа да ја извести Државната комисија во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката со која е утврдена состојбата на вршење неспојливост на функции. Одлуката се објавува на веб-страницата на Државната комисија и во средствата за јавно информирање.

(3) Доколку службеното лице во утврдениот рок не престане со вршењето неспојливи функции, Државната комисија, без одлагање, до надлежниот орган поднесува иницијатива за разрешување од функцијата односно функциите чиешто вршење е неспојливо со вршење на функцијата на која е првично избран односно именуван или назначен односно е неспојливо со вршење на функцијата на која е избран на непосредни избори.

(4) Органот до кој е доставена иницијатива односно барањето од ставот (3) на овој член е должен да постапи согласно иницијативата односно барањето и за тоа да ја извести Државната комисија, во рок од 30 дена од денот приемот на иницијативата односно барањето.

(5) Доколку органите не постапат согласно иницијативата односно барањето од ставот (3) на овој член во утврдениот рок, Државната комисија поднесува иницијатива за утврдување одговорност на раководните лица на органите односно службените лица кои се членови на органите кои се колегијални тела.

(6) Доколку органите не постапат согласно иницијативата од ставот (5), како и доколку и покрај спроведувањето на истите и изречената прекршочна санкција, продолжи состојбата на вршење неспојливи функции, Државната комисија поднесува иницијатива за утврдување на ништовност односно барање за поништување на правните акти со кои е извршено именување односно назначување на неспојлива функција и поднесува иницијатива за кривично гонење на раководните лица на органите односно на службените лица кои се членови на органи кои се колегијални тела надлежни да донесат одлука за разрешување односно одлука за утврдување одговорност.“

Член 13

Членот 45 се менува и гласи:

„(1) Лице кое стапува на функција на избрано или именувано лице, со исклучок на лицата кои стапуваат на функција која не се извршува професионално, доколку е управител на трговско друштво или установа должно е во рок од 30 дена од стапување на функцијата управувањето да му го довери на друго лице или тело, освен на членови на неговото семејство, за времето на вршењето на функцијата, јавните овластувања или должности.

(2) Избраното или именуваното лице е должно, во рок од 30 дена од пренесувањето на управувачките права, на Државната комисија да и ги достави податоците за лицето на кое ги пренело управувачките права и доказ за пренесувањето на управувачките права. Лицето на кое избраното или именуваното лице ги пренело управувачките права се смета за блиско лице.“

Член 14

По членот 45 се додава нов член 45-а кој гласи:

„Член 45-а

(1) Доколку Државната комисија со одлука утврди дека избраното односно именуваното лице постапило спротивно на ограничувањата за вршење на дејност за време на вршење на функцијата, поведува прекршочна постапка и бара од избраното односно именуваното лице во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката да го пренесе управувањето на друго лице односно да поднесе оставка на членството во органот на управување на трговското друштво односно установата и за тоа да ја извести Државната комисија.

(2) Доколку избраното односно именуваното лице не постапи согласно барањето од ставот (1) на овој член, Државната комисија:

- поднесува иницијатива за разрешување/престанок на вршењето на јавните овластувања или должности и за тоа веднаш го известува надлежниот орган или
- доколку се работи за лице избрано на непосредни избори, изрекува мерка јавна опомена и истата ја објавува на веб-страницата на Државната комисија и во средствата за јавно информирање.

(4) Органот до кој е доставена иницијативата за разрешување односно престанок на вршењето на јавните овластувања или должности, утврдена во став (3) алинеја 1 на овој член, е должен по истата да донесе одлука најдоцна во рок од 60 дена од денот на доставување на иницијативата, и за тоа веднаш да ја извести Државната комисија.“

Член 15

Во членот 46 по зборовите „не можат да вршат“ се додава зборот „ревизија,“.

Член 16

Во членот 47 во ставот (2) зборовите „најмалку една година пред престанокот на вршењето на јавни овластувања, неговата работа била поврзана со супервизорска или надзорна функција“ се заменуваат со зборовите „тоа вршело ревизија, супервизија или надзор“.

Член 17

Членот 51 се менува и гласи:

„(1) Јавен орган не може да воспостави деловни односи со правно лице чиј сопственик е или во кое акции односно удели поседува раководното лице односно лицето избрано или именуваното лице да врши функција во тој јавен орган.

(2) Јавен орган не може да воспостави деловни односи со правно лице чиј сопственик е или во кое е одговорно лице или акции односно удели поседува член на семејството на раководното лице односно лицето избрано или именувано да врши функција во тој јавен орган.

(3) Ништовни се договорите склучени за воспоставување деловни односи со правно лице спротивно на ставовите (1) и (2) од овој член или спротивно на одредбите за судир на интереси и за нив се применува членот 66 од овој закон, а против службеното лице кое го склучило договорот Државната комисија поведува прекршочна постапка.“

Член 18

Во членот 52 зборовите „било или“ и „или било“ се бришат.

Член 19

Насловот пред членот 56 се менува и гласи „Забрана на влијание за вработување блиски лица“.

Член 20

Во членот 56 се додава нов став (1) кој гласи:

„(1) Раководно лице на јавен орган не смее да вработува или унапредува нему блиско лице во органот со кој раководи.“

Ставовите (1) и (2) стануваат ставови (2) и (3).

По ставот (2) кој станува став (3) се додаваат два нови ставови (4) и (5) кои гласат:

„(4) Во јавните органи непристрасноста во работењето се обезбедува и со организирање на работните процеси на начин кој оневозможува состојба во која службено лице врши оценување, контрола, надзор или ревизија во работењето на нему блиско лице.

(6) Актите донесени спротивно на забраната од ставот (1) на овој член или во состојба од ставот (4) на овој член се ништовни.“

Член 21

Во член 58 во ставот (2) по зборовите „на овој член,“ се додаваат зборовите „без оглед на тоа дали во листата се евидентирани подароци,“.

Член 22

Во член 59 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Договорите склучени спротивно на овој член се ништовни, а спонзорството односно донираните средства примени спротивно на овој член во целост се враќаат на давателот.“

Член 23

Во член 66 по ставот (2) се додаваат три нови ставови (3), (4) и (5) кои гласат:

„(3) Правен интерес да бара поништување на правните акти од ставот (1) на овој член односно да бара утврдување на нивната ништовност има и Државната комисија, во случаите во кои утврдила дека актите се донесени односно склучени со

прекршување на одредбите од овој закон или се донесени односно склучени заради корупција или во состојба на судир на интереси.

(4) Иницијатива за утврдување ништовност односно барање за поништување на правните акти од ставот (1) на овој член се поднесува до органот кој согласно со Уставот или согласно со закон е надлежен за утврдување ништовност односно поништување на тие акти.

(5) За ништовност на договорите соодветно се применуваат и одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за облигационите односи.“

Член 24

Во член 71 ставот (4) се менува и гласи:

„(4) Доколку во постапувањето од своја надлежност, Државната комисија добие сознанија за неправилности во работењето на трговско друштво или друго правно лице, Државната комисија за тие сознанија го известува надлежниот јавен орган.“

Ставовите (5) и (6) се бришат.

Член 25

Во член 73 во ставот (1), по зборовите „службеното лице е должно“ се додаваат зборовите „на писмено“.

Член 26

Членот 77 се менува и гласи:

„Доколку Државната комисија донесе одлука за постоење на судир на интереси, поведува прекршочна постапка и за донесената одлука го известува службеното лице и надлежниот орган до кој доставува:

- барање односно иницијатива да се поведе дисциплинска постапка, доколку службеното лице е лице вработено во јавниот сектор или
- иницијатива за разрешување/престанок на вршењето на јавните овластувања или должности, доколку службеното лице е именувано или назначено лице.“

Член 27

Во член 79 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Доколку Државната комисија донесе одлука за постоење судир на интереси против службено лице кое е избрано лице на непосредни избори, Државната комисија изрекува мерка јавна опомена и поведува прекршочна постапка, а доколку постојат механизми за утврдување одговорност, Државната комисија до надлежниот орган доставува иницијатива за утврдување на одговорност против службеното лице.“

Член 28

Во член 82 во ставот (1) зборот „поднесува“ се заменуваат со зборовите „должно е да поднесе“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Изјавата од ставот (1) на овој член содржи:

- податоци за имотната состојба, со детален попис на имотот во земјата и во странство и наведување на основот за стекнување на имотот во негова сопственост и во сопственост на членовите на неговото семејство, и тоа:

 а. Недвижен имот,

 б. Редовен приход, без оглед на износот,

 в.Подвижен имот во вредност што еднократно надминува износ од 5.000 евра во денарска противвредност,

 г. Возила, без оглед на вредноста,

 д. Оружје, без оглед на вредноста,

 ѓ. Хартии од вредност и удели во земјата и странство, без оглед на бројот и вредноста,

 е. Банкарски сметки односно сметки непосредно или посредно отворени или за кои има овластување во домашна или странска финансиска институција,

 ж. Депозити, без оглед на вредноста,

 з. Виртуелни средства,

 ѕ. Побарувања,

 и. Долгови.“

- изјава за интереси со податоци за неговите интереси и интереси на членовите на неговото семејство, без оглед на вредноста на интересите и каде се остваруваат, и тоа податоци за:

 а. вработување и друг работен ангажман,

 б. основање и сопственост на трговско друштво/правно лице во земјата и во странство,

 в. членство односно овластување во орган на управување, надзорен орган, орган на застапување,

 г. овластување или полномошно односно овластен потпис или друго овластување за преставување државен интерес во странска држава,

 д. членство во здруженија и фондации во земјата и во странство,

 ѓ. овластувања/должности/вработувања/друг ангажман на членови на семејството.”

Член 29

Членот 83 се менува и гласи:

„(1) Врз основа на проценка на ризик за појава на корупција, со закон кој регулира вршење на дејност од областа на одбраната, внатрешните работи, издавање и водење јавни исправи, финансиите, царината или извршувањето на санкциите, може да се пропише обврска за поднесување на изјава за имотна состојба и интереси и пријавување промена во имотната состојба и интереси за лица кои не се опфатени со

член 82 став (1) од овој закон, со тоа што се пропишува и опфатот на лицата за кои се пропишува обврската.

(2) Изјавата за имотна состојба и интереси од ставот (1) на овој член и пријавувањето на промена на имотната состојба и интереси се поднесува односно врши на образецот од членот 86 на овој закон, поднесувањето се врши во органот во кој лицата од ставот (1) на овој член работат или во органот кој има надлежност да врши надзор над нивното работење, на начин пропишан од тој орган, а во роковите утврдени со членовите 82 и 85 од овој закон.“

Член 30

Во член 85 во ставот (1) зборовите „член на неговото семејство“ се заменуваат со зборовите „членовите на неговото семејство“, а зборовите „дваесет просечни нето плати во претходниот тримесечен период, како и“ се заменуваат со зборовите „5.000 евра во денарска противвредност, еднократно по поединечен основ, како и нов редовен приход и“.

Ставот (5) се брише.

Член 31

Во членот 87 во ставот (1) точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „на начин на кој хронолошки може да се изврши увид во пријавените имотна состојба и интереси и секоја пријавена промена.“

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Податоците објавени согласно овој член, остануваат објавени на веб-страницата на Државната комисија и во периодот од две години по престанокот на функцијата на подносителот на изјавата за имотна состојба и интереси.“

Член 32

Во член 92 по ставот (2), се додаваат два нови ставови (3) и (4) кои гласат:

„(3) Проверката од ставот (1) на овој член може да се врши и во период од пет години по престанокот на функцијата односно работниот однос на лицето кое е должно да поднесе изјава за имотна состојба и интереси согласно член 82 или член 83 од овој закон.

(4) Државната комисија може да врши проверка на имотната состојба и интереси и на службено лице кое согласно со овој закон нема обврска да поднесе изјава за имотна состојба и интереси, кога постапува по оформен предмет.“

Член 33

Во член 95 во ставот (1) зборовите „иницијатива за покренување кривична постапка до надлежното јавно обвинителство“ се заменуваат со зборовите „известување до Управата за финансиска полиција, а по исключок, доколку оцени дека доставувањето на известувањето до Управата за финансиска полиција ќе ја

одолговлечи или загрози постапката согласно со закон, известувањето го доставува до надлежното јавно обвинителство.“

Ставот (2) се брише.

Член 34

Членот 100 се менува и гласи:

(1) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на раководното лице односно одговорното лице во надлежната институција или друго правното лице или на од него овластено лице кое нема да ги преземе сите мерки и активности за доставување на бараните информации односно податоци од стана на Државната комисија и истите нема да ги достави до Државната комисија најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето.

(2) Глоба во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службено лице, кое не е раководно односно одговорно лице во надлежната институција или друго правно лице или од него овластено лице, а кое нема да ги преземе сите мерки и активности за доставување на бараните информации односно податоци од стана на Државната комисија и истите нема да ги достави до Државната комисија најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето.

(3) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице, кое не е раководно односно одговорното лице во надлежната институција или друго правното лице или на од него овластено лице, а кое нема да ги преземе сите мерки и активности за доставување на бараните информации односно податоци од стана на Државната комисија и истите нема да ги достави до Државната комисија најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето.

(4) Глобата од ставот (1) на овој член ќе се изрече и на раководното лице односно одговорното лице во државен орган или друг орган односно организација за непостапување согласно должноста за доставување копија од листата од евиденцијата за примените подароци во согласност со член 58 став (2) од овој закон.

Член 35

По членот 101 се додаваат два нови членови 101-а и 101-б кои гласат:

„Член 101-а

(1) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на раководното лице односно одговорното лице во надлежната институција или друго правното лице или на од него овластено лице кое нема да овозможи увид од член 27 на овој закон во рокот наведен во барањето на Државната комисија или во времетраење, услови или на начин на кој не се попречува вршењето на увидот.

(2) Глоба од ставот (1) на овој член ќе му се изрече и на раководното лице односно одговорното лице во јавниот орган кое спротивно на член 56 од овој закон спроведе постапка за вработување или унапредување.

(3) Глоба во износ од 800 до 1.000 евра ќе му се изрече и на правното лице во кое

раководното лице односно одговорното лице или од него овластено лице го сторило прекршокот од ставот (1) на овој член.

Член 101-б

(1) Глоба во износ од 300 до 500 евра ќе му се изрече на службено лице кое спротивно на забраните од членот 59 на овој закон склучува договор за спонзорство односно прима или дава донација или така примененото спонзорство односно донација не ја врати во целост на давателот.

(2) Глоба во износ од 100 до 250 евра ќе му се изрече на физичко лице кое не е службено лице, а кое спротивно на ограничувањата односно забраните од членот 59 на овој закон склучува договор за спонзорство или дава донација.

(3) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра ќе му се изрече и на правното лице кое спротивно на забраните од членот 59 на овој закон склучува договор за спонзорство односно прима или дава донација или така примененото спонзорство односно донација не ја врати во целост на давателот."

Член 36

Во членот 103 зборовите „од 200 до 400 евра" се заменуваат со зборовите „од 300 до 500 евра".

Член 37

Членот 104 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ определен во Законот за финансирање на политичките партии ќе и се изрече на политичката партија која во рок утврден со закон нема да ги достави извештаите кои се доставуваат до Државната комисија согласно со Законот за финансирање на политичките партии и согласно со член 31 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 800 до 1.000 евра ќе се изрече на политичката партија која во рок утврден со закон нема да ги достави извештаите кои се доставуваат до Државната комисија согласно со Изборниот законик и согласно со член 32 од овој закон.

(3) Глоба во износ од 300 до 500 евра ќе се изрече на овластеното лице на подносителот на листата на кандидати, за прекршокот од ставот (2) на овој член."

Член 38

Во членот 105 зборовите „во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал" се бришат.

Во алинејата 7 зборовите „ најмалку една година пред престанокот на вршењето на јавни овластувања, неговата работа била поврзана со супервизорска или надзорна функција" се заменуваат со зборовите „тоа вршело ревизија, супервизија или надзор".

Во алинејата 10 зборовите „кое е во негова сопственост или во сопственост на член на неговото семејство или во кое тој или член на неговото семејство поседува

акции или удели или кое го основал тој или член на неговото семејство или во кое одговорното лице е член на неговото семејство“ се заменуваат со зборовите „спротивно на одредбите од членот 51 од овој закон како и спротивно на одредбите за спречување судир на интереси“

Во алинејата 11 зборовите „било или“ и „или било“ се бришат.

По алинејата 16 се додаваат пет нови алинеи кои гласи:

- до Државната комисија не ги достави податоците за лицето на кое ги пренело управувачките права и доказ за пренесувањето на управувачките права, согласно член 45 од овој закон, во утврдениот рок;

- спротивно на ограничувањата од членот 49 член врши функција на член во управен или надзорен орган;

- не постапи согласно должноста за пријавување приватен интерес и изземање согласно членот 73 од овој закон;

- не се откаже од функција за да престане со вршење неспојливи функции, во утврдениот рок (член 44);

- не извести за постапувањето во врска со примената иницијатива за утврдување на одговорност поднесена од Државната комисија согласно овој закон, во утврдениот рок;

Член 39

Во членот 106 по зборовите „доколку изврши“ се додаваат зборовите „ревизија,“.

Член 40

Во членот 109 во алинејата 2 зборот „пополни“ се заменува со зборот „поднесе“.

По алинејата 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

„- не поднесе изјава за имотна состојба и интереси во рок од 30 дена од денот на објавувањето на повикот од Државната комисија согласно член 119 став (7) од овој закон.“

Член 41

Во членот 110 зборовите „ административен, судски и јавнообвинителски службеник од“ се заменуваат со зборовите „лице за кое е пропишана обврска за поднесување изјава за имотна состојба и интереси согласно“.

Во алинејата 2 зборовите „не пополни и не достави“ се заменуваат со зборовите „не поднесе“, а зборовите „став (1)“ се заменуваат со зборовите „став (2)“.

Алинејата 3 се менува и гласи:

„- во рок од 30 дена не го пријави секое зголемување на неговиот имот, односно на имотот на член на неговото семејство, согласно со членот 85 од овој закон;“

Член 42

Членот 112 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 300 до 500 евра ќе се изрече на раководното лице на институцијата односно органот кој за Државната комисија нема да ги обезбеди односно достави податоците за лицата од член 82 став (1) од овој закон, за водење на Регистарот, со кои располага во рамки на своите надлежности, во утврдениот рок и на начин пропишан согласно со член 91 од овој закон.“

Член 43

Во членот 113 зборовите „од 200 до 400 евра“ се заменуваат со зборовите „од 300 до 500 евра“.

Член 44

Во член 114 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) За прекршоците утврдени со овој закон прекршочната постапка ја води и прекршочни санкции изрекува Прекршочната комисија во Државната комисија, освен за прекршоците за кои е пропишана глоба во износ за кој согласно Законот за прекршоците прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изрече само надлежен суд.“

Член 45

По членот 114 се додаваат два нови членови 114-а и 114-б кои гласат:

„Поврзаност со иницијативи за поведување на други постапки

Член 114-а

(1) Водењето прекршочна постапка и изрекувањето прекршочна санкција за прекршоците пропишани со овој закон не претставуваат пречки Државната комисија да поднесе до надлежниот орган иницијатива за утврдување одговорност против службеното лице во врска со прекршокот.

(2) Водењето прекршочна постапка и изрекувањето прекршочна санкција за прекршоците пропишани со овој закон не претставуваат пречки Државната комисија или друго лице кое има правен интерес да поднесе иницијатива или барање за поништување на правен акт односно утврдување ништовност на договор или друг правен акт поради прекршување на одредби од овој закон.

(3) Доколку прекршување на одредба од овој закон претставува основ за разрешување или поведување постапка за потешка повреда на службената должност согласно друг закон, Државната комисија актот со кој го констатирала прекршокот во прилог на иницијатива за утврдување на одговорност го доставува до органот надлежен за утврдување одговорност на лицето кое го сторило прекршокот, во рок од пет дена од донесувањето на актот.

Повторен прекршок и одбивање на исполнувањето на должноста

Член 114-б

(1) Со актот со кој е констатирано прекршување на одредба од овој закон, лицето кое го сторило прекршокот се задолжува најдоцна во рок од пет дена од доставувањето на актот да ја исполни должноста односно да постапи согласно одредбите од законот кои ги прекршил, без оглед на тоа дали прекршочна санкција за прекршокот е извршена.

(2) Доколку лицето од ставот (1) во утврдениот рок не постапи по задолжението од актот со кој е констатиран прекршокот, се смета дека одбил да ја исполни должноста и сторил нов прекршок односно дејствие или пропуштање кое претставува прекршок за кој не е водена прекршочна постапка ниту е изречена прекршочна санкција.

(3) Во случајот од ставот (2) на овој член, против лицето кое го сторило прекршокот, Државната комисија води прекршочна постапка и изрекува прекршочна санкција согласно овој закон, а во рок од пет дена од донесувањето на одлуката со која е утврден прекршокот, поднесува до надлежниот орган иницијатива за утврдување на одговорност, а за лица избрани на непосредни избори изрекува мерка јавна опомена.“

Член 46

Заради усогласување со одредбите од овој закон, Државната комисија, во рок од пет месеци од влегувањето во сила на овој закон, ќе донесе измени и дополнувања на својот деловник за работа, како и на подзаконските акти со кои ги пропишува формата и содржината на образецот на изјавата за имотна состојба и интереси, формата и содржината на образецот за пријавување промена во имотната состојба и интереси, како и формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 47

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува по шест месеци од  влегувањето во сила на овој закон.